РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KSHPK
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-2729/2
05-11-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 41-та седница одржана на ден 30.10.2026 година ја донесе следната

ОДЛУКА

Пријавата со број 12-2729/1 од 01.09.2026 година, со наводи за сомневање за незаконито работење на ----------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси пријавените дејствија не се предмет на нејзино надлежно постапување туку на друг надлежен орган, каде и ќе се достави пријавата на натамошно постапување и се работи за индивидуално право, чија заштита подносителот се упатува да ја оствари преку користење на други правни средства.

Пријавата да се достави на надлежно постапување до Народна Банка на РСМ - Сектор за супервизија.

Предметот со број 12-2729/1 од 01.09.2026 година, да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

На ден 01.09.2026 година, до ДКСК доставена е пријава, од познат подносител во која се изнесени наводи за сомневање за незаконско работење на ----------, поради сомневање за применување на незаконска пракса за наплата на трошоци за деблокирање на трансакциски сметки од физички лица, иако што согласно член 149 став 6 од Законот за извршување, истите паѓаат на товар на носителот на платниот промет.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Подносителот на пријавата известува дека на ден 07.05.2026 година, врз основа на налози за извршување во предметите И.бр.----/-- и И.бр.----/--- издадени од одреден извршител, му била блокирана неговата трансакциска сметка во ----------. Подносителот посочува дека на ден 08.05.2026 година го известил извршителот дека од датум 06.04.2026 година бил во редовен работен однос и дека преку веќе блокираната трансакциска сметка остварил приходи по основ на плата во врска со што доставил потврда за редовен работен однос. Поради таа причина побарал веднаш да се деблокира неговата трансакциска сметка, насочувајќи го извршителот на почитување на ограничувањата од член 117 став 1 од Законот за извршување. И покрај наведеното, ---------- на подносителот му наплатила банкарски трошоци по основ на деблокирање на трансакциската сметка, а подносителот побарал од наведената банка да му ги врати незаконски наплатените средства по основ на деблокирање.
По барањето на подносителот, Банката доставила писмен одговор со бр.---/------- од 15.05.2026 година, во кој наведува дека средствата по основ на плата не биле одземени од неговата трансакциска сметка и дека сметката била деблокирана на 14.05.2026 година по добиен документ од извршителот а наплатените средства за банкарски трошоци се наплатени во согласност со Тарифата за блокада и деблокада на ----------.

Подносителот смета дека во постапката за извршување не се почитувал член 149 став 6 од Законот за извршување кој гласи: „Доколку по налогот на извршителот носителот на платниот промет блокирал примања или надоместоци кои се изземени од извршување согласно со членот 116 или ја блокирал трансакциската сметка на физичкото лице во целост, неводејќи сметка на ограничувањата од член 117 став 1, деблокирањето на сметката се врши на трошок на носителот на платниот промет, а во случај на преземени дејствија спротивно на член 116 и 117 став 1 од овој законот, извршителот нема право на надоместок на трошоци за дејствијата преземени за блокирање, односно деблокирање на сметката".

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК констатира дека пријавените дејствија не се во надлежност на постапување на ДКСК и за истите друг орган е надлежен да постапува - Народна Банка на РСМ - Сектор за супервизија, каде ДКСК ќе ја достави пријавата за натамошно постапување, а подносителот има на располагање други правни средства за заштита на неговото индивидуално право.

Оттаму, ДКСК оцени дека нема основ за надлежно постапување по предметот и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: З.Б., Член на ДКСК